# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Службен весник на РМ, бр. 26 од 24.02.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008 и 103/2008), во членот 99 ставот 3 се менува и гласи:

„Студиските програми треба да содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Задолжителните наставни предмети треба да бидат од соодветната област на единицата на универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел), при што нивното учество е најмногу до 75% од бројот на предметите на студиската програма. Остатокот од студиската програма ги сочинуваат изборните наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единиците на универзитетот согласно со правилникот за компатибилност на предметите донесени од страна на универзитетот."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Студентите запишани на студиски програми за втор циклус универзитетски студии и на студиски програми за трет циклус, докторски студии на државните универзитети, самостојно ги избираат изборните наставни предмети од редот на сите изборни наставни предмети застапени во студиските програми на единиците на државните универзитети.

Кога домашен универзитет изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, по однос на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети, се применуваат прописите на високообразовната установа, каде што се изведува студиската програма."

Ставовите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат ставови 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

**Член 2**

Во членот 102 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одредбите за клиничката настава од членот 99 ставови 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на овој закон не се применуваат на студиската програма за стекнување на заедничка диплома која се остварува заедно со странски универзитет, при што се применуваат прописите на високообразовната установа каде што се изведува студиската програма."

Ставот 3 станува став 4.

**Член 3**

Во членот 146 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„На лицата од ставот 2 на овој член, доколку им се одобри престој за стручно, односно научно продлабочување и усовршување на еден од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report i Times Higher Education Supplemnet - World University Ranking, Министерството за образование и наука му одобрува надомест на трошоци за престојот на соодветниот универзитет за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци. Висината на надоместокот на трошоците за престојот се утврдуваат врз основа на известувањето на соодветниот

универзитет. За време на студискиот престој лицето има право на плата во висина од 70% од последната плата исплатена пред заминување на престојот за стручно, односно научно продлабочување и усовршување.
Начинот и постапката на остварување на правото од ставовите 3 и 4 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование."
Ставот 3 станува став 5.

**Член 4**

По членот 150 се додава нов член 150-а, кој гласи:

„Член 150-а

На студентите запишани на втор циклус универзитетски студии и трет циклус докторски студии на државните универзитети, кои ќе добијат можност за студиски престој на еден од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report i Times Higher Education Supplemnet - World University Ranking, Министерството за образование и наука му одобрува надомест на трошоци за студискиот престој на соодветниот универзитет за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци. Висината на надоместокот на трошоците за студискиот престој се утврдуваат врз основа на известувањето на соодветниот универзитет.
Начинот и постапката на остварување на правото од ставот 1 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование."

**Член 5**

По Главата четиринаесетта се додава нова Глава четиринаесетта-а, КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ и нов член 168-а, кои гласат:
"Глава четиринаесетта-а

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 168-а

Правното лице кое неосновано врши високообразовна дејност без добиено решение за акредитација и решение за почеток со работа согласно со одредбите на овој закон, кривично ќе одговара и ќе се казни со парична казна во висина од 30.000 до 100.000 евра во денарска противвредност, а одговорното лице со казна затвор во траење од една до три години. "

**Член 6**

Подзаконските акти предвидени во овој закон, министерот надлежен за работите на високото образование ќе ги донесе во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Високообразовните установи ќе ги усогласат студиските програми согласно со членот 1 став 1 од овој закон најдоцна до почетокот на учебната 2009/2010 година.

**Член 8**

Одредбите од членовите 1 став 2, 3 и 4 на овој закон ќе се применуваат од 15 август 2010 година.
Одредбата од членот 5 на овој закон ќе се применува од 15 септември 2009 година, со што престанува да важи членот 167 став 1 алинеја 3 на овој закон.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".